Со Аллахово име ти учам рукја – од сè што ти наштетува, од злото на секоја душа и од завидливото око. Аллах нека ти даде излекување. Со Аллахово име ти учам рукја.‘“

Ебу Сеид, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Џибрил му дојде на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го праша: ‚О, Мухамед, дали си болен?‘ Тој одговори: ‚Да.‘ Тогаш Џибрил рече: ‚Со Аллахово име ти учам рукја – од сè што ти наштетува, од злото на секоја душа и од завидливото око. Аллах нека ти даде излекување. Со Аллахово име ти учам рукја.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Мелекот Џибрил, алејхис-селам, дошол кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го прашал: „О, Мухамед, дали си болен?“ Тој одговорил: „Да.“ Тогаш Џибрил му учел рукја, велејќи: „Со Аллахово име“ – кај Него барам помош – „ти учам рукја“ – и барам заштита за тебе, „од сè што може да ти наштети“ – било мало или големо, „од злото на секоја злобна душа,“ – расипана душа, „и од завидливото око" што може да те погоди. „Аллах нека те излекува", – нека те заштити и сочува од секоја болест. „Со Аллахово име ти учам рукја.“ Овие зборови Џибрил ги повторил за да ги потенцира, започнувајќи и завршувајќи со Аллаховото име – како потсетување дека само Тој навистина носи корист и излекување.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5650